РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: | 13.10.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 24 | 967/1 | - | - |

( Образец ПП……)

**До: Општина Пробиштип**
**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од:
Кристијан Панев
Ул. Кежовица бр.20 – Штип
panev_kristijan@hotmail.com
+38978307416

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер

1) Дали е формиран Локален младински совет во општината? Доколку да, колку членови брои советот? Ве молам **споделете ја одлуката за формирањето**.

2) Дали има(ло) повик за членови на Локалниот младински совет?
Во прилог **споделете го повикот и линк до објавата на повикот.**

3) Доколку е формиран локален младински совет, наведете **листа од членовите** и наведете **од каква форма на младинско организирање доаѓаат членовите** на советот? (младински организиации, организации за млади, студентски организации, политички подмладок итн.)

4) Дали е формирана канцеларија за млади во рамки на Општината? Доколку да, **споделете одлука за нејзино формирање во прилог**.

5) Дали е назначен службеник за млади во општината? Доколку да, **споделете ја одлуката за неговото именување.**

6) Доколку општината има назначен службеник, наведете негови контакт - информации

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Штип, 13.10.2022 година.** ______________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-967/2
31. 10 2022 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот **Кристијан Панев од Штип, ул.„Кежовица" бр.20** поднесено на ден **13.10.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Пробиштип** го донесе следното

РЕШЕНИЕ

Барањето од **Кристијан Панев од Штип, ул.„Кежовица" бр.20** наш бр.24-967/1 од 13.10.2022 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

- Дали е формиран Локален младински совет во општината? Доколку да, колку членови брои советот? Ве молиме споделете ја одлуката за формирање.
- Дали има(ло) повик за членови на Локалниот младински совет: Во прилог споделете го повикот и линк до објавата на повикот.
- Доколку е формиран локален младински совет, наведете листа од членовите и наведете од каква форма на младинско организирање доаѓаат членовите на советот? (младински организации, организации за млади, студентски организации, политички подмладок).
- Дали е формирана канцеларија за млади во рамки на општината? Доколку да, споделете одлука за нејзино формирање во прилог.
- Дали е назначен службеник за млади во општината? Доколку да, споделете ја одлуката за неговото именување.
- Доколку општината има назначен службеник, наведете негов контак-информации.

Се УВАЖУВА

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од **Кристијан Панев од Штип, ул.„Кежовица" бр.20** имателот на информацијата **Општина Пробиштип**

Ви ја доставува информацијата:

- Општина Пробиштип нема формирано Локален младински совет, но за успешно функционирање одговорно е одделението за Локален економски развој во општина Пробиштип.
  За претседател на Советот на млади беше избрана Анастасија Трајковска, чиј мандат е истечен во 2020 година. Поради пандемијата со COVID-19 постапката за избор на нови членови не е спроведена, но истата е предвидена да се спроведе во тековниот период.

- Општина Пробиштип се уште нема формирано канцеларија за млади бидејќи се бара соодветна просторија за таа намена;

- Општина Пробиштип има назначено службеник за млади со Решение бр.08-582/2 од 20.05.2021 година и тоа е административниот службеник- Драгана Јовчевска со email: dragana@probistip.gov.mk

ВО ПРИЛОГ: Решение за назначување на службеник за млади во Општина Пробиштип бр.08-582/2 од 20.05.2021 година;

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Пробиштип на 31.10.2022 година, под бр.24-967/2.**

По овластување на Градоначалникот на Општина Пробиштип
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Анкица Ѓеновска-Советник за правни работи и јавни набавки

Јованка Данева-Раководител на одделение за правни и општи работи

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-967/3
31. 10 2022 год.
ПРОБИШТИП

ПРОПРАТНО ПИСМО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ

Датум: 31.10.2022 година

ДО: Кристијан Панев од Штип, ул.„Кежовица“ бр.20

ПРЕДМЕТ: Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации **Општина Пробиштип**

ВРСКА: 24-967/1 од 13.10.2022 година

Почитувани,
Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Во Прилог ви се доставуваа и: Решение за назначување на службеник за млади во Општина Пробиштип бр.08-582/2 од 20.05.2021 година;

Со почит,
Анкица Ѓеновска, службено лице

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-582/2
20.05 2021 год.
ПРОБИШТИП

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ул.Јаким Стојковски бр 1
Тел: 032 48 31 31; факс: 032 48 30 47
www.probistip.gov.mk
е-пошта: info@probistip.gov.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа (Слубен Весник на РМ бр.5/2002) Градоначалникот на општина Пробиштип го издава следното:

РЕШЕНИЕ

За назначување на службеник за млади во Општина Пробиштип

1. Драгана Јовчевска вработена во општина Пробиштип се назначува како службеник за млади во Општина Пробиштип, одговорен за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на Општина Пробиштип.
2. Службеникот за млади ги извршува следните работни задачи и обврски:
   -развивање, планирање и следење на активностите поврзани со младите и младинските политики,
   - поддршка на работата на органот на државната управа, локалната самоуправа, локалниот младински совет, неговите членови, спроведувањето на неговата програма, известување и транспарентност,
   - одржување на комуникација и редовна соработка со младинските форми на здружување и младите
   - следење на потребите на младите преку обезбедување истражувања за потребите на органот на државната управа, општината, консултации со млади и следење и информирање за анализи и истражувања за трендовите кај младите
   - обезбедување информации и информирање на младите
   - водење на база на податоци за разни младински активности, активни форми на младинско здружување и неформални младински групи за потребите на Истражувачкиот центар на Агенцијата за млади и спорт,
   - редовна комуникација со Агенција за млади и спорт,
   - да биде контакт за сите младински прашања на органот на државната управа, локалната самоуправа кон младите и јавноста
   - службеникот за млади е одговорен за работата на Канцеларијата за млади.
3. Решението стапува во сила со донесувањето.

Образложение

Административниот службеник Драгана Јовчевска покрај секојдневните работни задачи на работното место на кое е распоредена, се овластува да работи како службеник за млади согласно Законот за младинско учество и младински политики, а врз основа на Заклучокот од 57 седница на Влада донесен на 23 март 2021.

Врз основа на напред навесеното се донесе решение како во диспозитивот.

Доставено до:
-Влада на РСМ
-Агенција за млади и спорт
-овластен службеник
-архива
-Веб страна на општината
-Фејсбук профиил на општината

Градоначалник на
Општина Пробиштип
Драган Анастасов

Изготвил, Јованка Данева